-Јавни пешачки површини се плоштади, тротоари, пешачки улици и други површини наменети за пешачко движење предвидени со ДУП на град Делчево.

-Слободна проодна површина е дел од јавна пешачка површина наменета исклучиво за пешачко движење и изнесува минимум 150 см.

## 2.ОСНОВНИ УСЛОВИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

### Член 4

Урбаната опрема,со својот изглед и форма не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија,недозволена бучава и лоша миризба.

### Член 5

Урбаната опрема не смее да го попречува пешачкото движење и треба да се обезбеди непречен пристап до истата односно да се обезбедат мин 120-150 см слободна проодна површина.

### Член 6

На јавните пешачки површини не смеат да се поставуваат бариери во просторот кои можат да го попречат безбедносното движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лица со хендикеп. Околу поставената урбана опрема не смеат да се преземаат градежни активности, ниту да се поставуваат платформи, рампи или слично.

### Член 7

Со поставување на урбана опрема не смее да се нарушува изгледот на околниот простор, да се попречува користење на јавните пешачки површини или да се оневозможи пристап до соседните згради.

### Член 8

При поставување на урбана опрема на јавни пешачки површини минималната слободна проодна површина е дел од јавна пешачка површина наменета исклучиво за пешачко движење и изнесува минимум 150 см

### Член 9

Урбана опрема може да се постави во пасивната пешачка зона од јавни пешачки површини кои се со минимална ширина од 3,50 м до 4,00 м за киоск или од 1,50 м ширина за поставување на корпи за отпад или жардињери. Пасивната пешачка површина се предвудува на минимално растојание од 0,80 м од рабникот на коловозот.

### Член 10

Широчината на слободна проодна површина се мери од ивицата на коловозот

### Член 11

Поставување на урбана опрема не е дозволено на делот од тротоарот во зоната на свртување на улицата, така да на раскрсници може да се постави урбана опрема на минимум 10 м од пресечната точка на двете регулациони линии.

### Член 12

Во коридорот на Слободна проодна површина минималната слободна височина при поставување на рекламни понао, информативни табли ,настрешници и тенди да изнесува минимум 3,20 м , а чадори за сонце минимум 2,50 м.

Член 13

Времетраењето на користењето на јавната пешачка површина може да биде: дневно, месечно, сезонско за неколку месеци, годишно и повеќе годишно но најмногу за период од 5 години.

Член 14

Поставувањето на урбанта опрема се врши на начин што нивното поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин без оштетување на подлогата.

Член 15

После завршувањето на рокот за користење на урбаната опрема корисникот е должен да ја врати површината во првобитна состојба.

3. ПОДЕТАЛНИ СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Член 16

Покрај основните услови од точка 2 на оваа Програма се утврдуваат и подетални стандарди за одделни елементи за урбана опрема и тоа:

1. Самостоечки рекламни паноа и Информативни табли

-Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки зони и зелените површини во профилот на сообраќајницата, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата

-Информативните табли служат за огласување, рекламирање и имформирање на граѓаните, а можат да бидат за јавна намена или за комерцијална намена;

-Поставувањето на информативните табли не треба да го попречува нормалното одвивање на пешачкиот и колскиот сообраќај;

- информативните табли може да се поставуваат на следниот начин:

а) прицврстени табли на објекти за огласување на културно уметнички, спортски и други манифестации;

б) слободно стоечки, преносливи и други табли-паноа од рекламен карактер и друга содржина;

-Огласите и другите текстуални објави може да се истакнуваат и на рекламни витрини, рекламни столбови и сл.

- Во случај кога информативните табли и рекламните паноа се поголеми и сложени ќе бидат изработени дополнителни графички прикази и ќе бидат доставени на совет за одобрување

- Самостоечки рекламни паноа и Информативни табли (опфатени во прилог 1, 1а и 2)

- Потребна документација :

- Барање
- Извод од Програма
- Ревидиран основен проект (содржина и фази во зависност од комплексноста на рекламното пано или информативната табла)

- И други документи дефинирани во Барањето.

Прилог: скица

**2.Клупи, фонтани и корпи за отпадоци**

-Клупите, корпи за отпадоци, фонтаните и чешмите се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуска станица, во паркови и на други локации согласно елаборатот за поставување на урбана опрема;

-Покрај клупите потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии 1,00 м x1,20 м за луѓето со хендикеп;

-Корпи за отпадоци можат да се постават како слободно стоечки или прикачени на фасади на објекти или на столбови за светилки.

- **Клупи (опфатени во прилог 1 и 2)**
- **Корпи за отпадоци (опфатени во прилог 1 и 2)**
- **Фонтани (опфатени во прилог 3)**

- Потребна документација :

- Барање
- Извод од Програма
- Основен проект (со потребни фази и ревизија сограсно сложеноста) - Ситуација со обележана локација на урбаната опрема со размер и прилог од моделот на опремата.
- И други документи дефинирани во Барањето.

- Во случај кога фонтаните се поголеми и сложени ќе бидат изработени дополнителни графички прикази и ќе бидат доставени на совет за одобрување

Прилог: скица

**3.Бини (платформи)**

-Бини (платформи) се поставуваат за време на одржување на спортски, културно уметнички манифестации, туристички, политички и сл.

-Поставувањето и отстранувањето на истите треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата за временски период од 1 до 15 дена.

-Бините се поставуваат на плоштади и на површини кои можат да примат поголема група на граѓани.

-Предвидени локации за поставување на бини за одржување на културно-уметнички манифестации на територијата на општината се :

**- Бини (платформи) - опфатени во прилог 4**

- Потребна документација :

- Барање
- Извод од Програма

- Основен проект ( содржина и фази во зависност од комплексноста на бината- платформата, (опремата) со атест или ревизија )
- И други документи дефинирани во Барањето.

- Во случај кога бините (платформите) се поголеми и сложени ќе бидат изработени дополнителни графички прикази и ќе бидат доставени на совет за одобрување

Прилог: скица

4. Опрема за забава на деца и детски игралишта

Опрема за забава за деца се поставува по повод државни и верски празници на места каде има доволен простор за тоа, во близина на паркинг простор, а јавната површина се дава на краткотрајно користење до 30 дена.

- Опрема за забава на деца и детски игралишта (опфатени во прилог 4)

- Потребна документација :

- Барање
- Извод од Програма
- Ревидиран основен проект ( содржина и фази во зависност од комплексноста на опремата и инсталациите)
- И други документи дефинирани во Барањето.

- Во случај кога опремата за забава на деца и детски игралишта се поголеми и сложени ќе бидат изработени дополнителни графички прикази и ќе бидат доставени на совет за одобрување

Прилог: скица

5.Опрема за спортско рекреативни активности

Опремата за спорт и реквизити за детските игралишта се поставуваат на градежно изградено земјиште за јавна намена (парковско, заштитно зеленило и зеленило за спорт и рекреација).

- Опрема за спортско рекреативни активности(опфатени во прилог 5)

- Потребна документација :

- Барање
- Извод од Програма
- Ситуација со обележана локација на урбаната опрема со размер.
- Основен проект ( содржина и фази во зависност од комплексноста на опремата и инсталациите)
- И други документи дефинирани во Барањето.

Прилог: скица

4. ПОСТАПКА И СОГЛАСНОСТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Член 17

Урбана опрема се поставува по претходно добиено одобрение за поставуање на урбана опрема кое го издава Градоначалникот на општината.

Член 18

Урбана опрема за јавна употреба се поставува врз основа на идеен и одобрен елаборат. Елаборатот го изготвува Општината или овластени институции врз основа на стандардите утврдени со оваа Програма.

Член19

Урбана опрема за комерцијална намена се поставува врз основа на изготвен и одобрен Основен проект .Основниот проект го изготвува овластен проектант по барање на корисникот кој Бара поставување на урбана опрема. За поставената урбана опрема за комерцијална намена се плаќа надомест според Законот за комунални такси.

5.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Општинските инспекции ќе вршат надзор над спроведување на стандардите и постапките за поставување на урбаната опрема.

Член 21

Постојните сопственици и корисници на урбана опрема на јавна пешачка површина и пред угостителски објекти што не ги исполнуваат стандардите утврдени со оваа Програма се должни во рок од 6 месеци по влегувањето во сила на оваа Програма да се прилагодат кон стандардите на истата. Во спротивно општинските служби ќе преземат мерки за нивно отстранување на сметка на сопственикот на објектот.

Член 22

Барањето за добивање на одобрение за поставување на урбана опрема ја определува градоначалникот на Општина Делчево.

Член 23

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи претходно донесенатаПрограма.

Член 24

Измена,дополнување,проширување и промена на оваа програма може да се изврши како за потребите на Општина Делчево така и по иницијатива од заинтересирани правни и физички лица, согласно законска регулатива.

Член 25

Оваа Програмавлегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник,, на Општина Делчево.

Член 26

Составен дел на оваа програма се графичките делови 1,1а,2,3, 4 и 5 и образец за пополнување на барање.

Број 09-500/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

15.03.2022 година Претседател,

Делчево Гоце Попов,с.р.

До

Општина Делчево

сектор за урбанизам,

заштита на животна средина,

Комунални дејности,сообраќај и ЛЕР

БАРАЊЕ

За добивање на одобрение за поставување на урбана опрема

Од_______________________________________________________________________________

(име и презиме на физичкото лице или назив на правното лице)

_______________________________________________________________________________

(адреза на физичкото лице или седиште на правното лице)

1. Кон барањето се приложува:

Основниот проект се изработува согласно пропишаните услови и стандарди и ги содржи следните податоци и прилози:

1. Назив на седиште, односно име и презиме и адреса на живеење на заинтересираниот субјект;
2. Извод од соодветен регистар каде што е регистриран заинтересираниот субјект;
3. Доказ дека се исполнети минимално – техничките услови за вршење на дејноста други услови пропишани со закон;
4. Потврда од Општина Делчево дека барателот нема неподмирени обврски по основ на неплатени комунални такси;
5. Имотен лист за деловната просторија пред која ќе се врши дејноста (договор за закуп на просторија);
6. Регистрација на дејност, лиценца и овластување од одговорниот проект за правниот субјект која ја изготвува техничката документација;
7. Извод од ДУП и ГУП за предметниот локалитет;
8. Извод од Програма за урбана опрема;
9. Основен проект (по потреба ревидиран), кој минимум треба да содржи:

- Детален цртеж со опис на постојната состојба на површината на која се бара да се врши дејноста со околниот простор во размер од кој може јасно да се согледа ситуацијата (1:1000 или 1:1500)
- Детален цртеж со опис на новата ситуација на површините на која се бара да се вриши дејноста со околните објекти и елементи на комунална опрема и инфраструктура во размер 1:200 или 1:1000
- Детален цртеж со опис на површината предвидена за користење (1:100 или 1:50)
- Детали од урбаната опрема што ќе се лоцираат на површината на која се бара да се врши дејноста во размер 1:20 или 1:10

10. Доказ за платена административна такса Согласно Законот за административни такси – пречистен текст тарифен број 93 од 1500 денари.

Барател

-------------------------------------------

7.

Врз основа на член 94, 95, 96, 97 и 98 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ 15/2015, 98/15, 193/15, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016 и Службен весник на РСМ 275/2019, 90/2020), а во врска со член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево 15/2013), Советот на Општина Делчево на 7. седница одржана на ден 15.03.2022 година, ја донесе следната

ПРОГРАМА

ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2022 ГОДИНА

Со оваа Програма се врши дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2022 година бр.09-163/1 од 25.01.2022 година објавена во Службен гласник на Општина Делчево бр.1/2022 и тоа:

Во точката **5.Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и негова распределба** по точката л), се додаваат три нови точки љ), м), н) кои гласат:

љ) За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), висината на трошоците за уредување на градежно земјиште ќе изнесува 8000ден/м$^2$ за градежна парцела помножена со утврден коефициент.

м) За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште ќе изнесува 5000ден/м$^2$ помножена со утврден коефициент и утврден попуст даден во проценти.

н) За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште ќе изнесува 600 000 денари за една ветерница.

Точките м) и н) стануваат точки њ) и о).

Во точката **6.Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште (комуналии)** по точката 6.4.13 се додаваат две нови подточки кои гласат:

6.4.14 За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) се утврдува коефициент 0,01.

6.4.15 За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели) за 50% од површината на градежната парцела се утврдува коефициент 0,01.

Во истата точка **6.Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште (комуналии)** се додава нова точка 6.5 која гласи:

6.5 При плаќање на комуналии за изградба на објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) и објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија, Општина Делчево се обврзува да обезбеди понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура односно обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран пат.

Оваа измена и дополна на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2022 година стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Делчево.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов,с.р.

Број 09-501/1
15.03.2022
Делчево

**8.**Врз основа на член 94 став 4 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и Службен весник на РСМ бр.275/19 и 90/20“), Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на уредување на висината за трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденоста („Службен весник на РМ бр.193/2016, 72/2018 и 16/2022“), член 59 став 13 од Законот за градење („Службен весник на РМ бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018 и Службен весник на РСМ бр.244/2019 и 18/2020“), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/2002“), член 15 став 1 точка 1од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.15/13 , 2/2019 и 1/21), Советот на Општина Делчево на 7. седница одржана на ден 15.03.2022 година, донесе

## ОДЛУКА

### за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на одобрение за градење на Детска градинка на ГП 3.2.01 од ДУП УЕ 3, дел од Урбан Блок 3.2, КО Делчево во Делчево

Член 1

Со оваа Одлука инвеститорот Општина Делчево се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на КП бр.6395/76, КП бр.6393/1, КП бр.6394/2 и КП бр.9013/6 КО Делчево (согласно списокот на индикации за формирање на градежната парцела во ГЕ за нумерички податоци бр.08-3/8 од 10.01.2022 година), за добивање на одобрение за градење на детска градинка на ГП 3.2.01 од ДУП УЕ 3, дел од Урбан Блок 3.2, КО Делчево во Делчево, согласно Основниот проект за изградба на детска градинка во општина Делчево со тех.бр.0701-390од2021 година изработен од КВАДАР ДОО Скопје.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Бр.09-502/1** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**15.03.2022 година** **на Советот на Општина Делчево**

**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

**9.**Врз основа начлен 20 од Законот за финансирање на едниците на локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11"), член 4 од Законот за јавен долг („Сл.Весник на РМ бр.62/05, 88/08 и 35/11"), член 36од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ бр.5/02") и член 22од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" бр.15/13 и 2/2019), а во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги финансиран созаем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светка банка, Советот на Општина Делчево на 7.седница одржана на ден 15.03.2022 година, донесе

ОДЛУКА

за кофинансирање во рамки на Вториот проект

за подобрување на општинските услуги МСИП 2 за доискористување на преостанати средства

Член 1

Со Одлука бр.09-957/1 Советот на Општина Делчево на ден 27.05.2021 година го одобри проектот **„Изградба на дел од улица 3 во Централното градско подрачје во Делчево"** за реализација како приоритет преку средстватакои се преостанати за доискористување од долгорочното домашно задолжување на Општина Делчево согласно Договорот за под-заем склучен со Министерството за финансии со бр.11 во вредност од 32.252.287 денари со ДДВ.

Од овој Договор беа искористени 26.985.539 денари со ДДВ, а преостанатите средства во износ од 5.266.748 денарисо ДДВ се планирани да бидат искористени за реализација на погоре наведениот проект.

Согласно утврдената проектантска предмер-пресметка за реализација на овој проект беа потребни финансиски средства во износ од 7.963.841,59 денари со ДДВ.

Со погоре наведената Одлукасе потврдува користењедополнителнифинансиски средства во вредност од 2.697.093,59 денарисо ДДВ,закои е надмината вредностаназадолжувањето одДоговорот за под-заем, а иститесе обезбедени од буџетот на Општина Делчево.

Согласно извршената постапка за набавка Општина Делчево склучи Договор за „Изградба на станбена улица бр.3 MSIP2–NCB–036–21 со изведувачот БАУЕР БГ ДОО Скопје со вкупна вредност за извршување на работите во висина од 7.493.900,60 денари со ДДВ.

Член 2

Согласно урбанистичко планската документација на предметната улица бр.3 е предвидена изградба на дополнителна лента во должина од 66м за автобуско и Тахи стојалиште. Општината одлучи да го изгради стојалиштето со цел обезбедување на квалитет во структурата на коловозот и обезбедување безбеден сообраќај. За таквата цел, согласно утврдената предмер пресметка со износ од 535.649,20 денари со ДДВ со договорните единечни цени од изведувачот, вредноста за кофинансирање на проектот ”Изградба на дел од улица 3”, од страна на општина Делчево потребно е да се зголеми за дополнителни финансиски средства во висина од 65.708,21 денари со ДДВ.

Вкупната вредност на кофинансирањето од Општина Делчевовклучително со ново утврдениот предмер со пресметка за проширувањето изнесува2.762.801,8 денари со ДДВ, а истиот изнесува 8 % од договорот со изведувачот.Заради обезбедување успешна реализација и можна појава на оредени промени во изградбата оваа одлука ќе ги покрие сите евентуални дополнителни работи доколку се јават во текот на изградбата кои нема да надминат повеќе од 10% од договорот со изведувачотили вкупно 749.390,06 денари со ДДВ за кои се донесува Одлуката, а истите ќе бидат оправдани со доказници, записници и потврда од надзорните органи на општина Делчево.

Исплатата на средствата ќе биде извршена во согласност со предмер - пресметката и врз основа на склучен Анекс на Договорот со изведувачот БАУЕР БГ ДОО Скопје, а согласно количини во градежна книга утврдени од надзорните органи.

Член 3

Условите за користење на финансиските средства кои се преостанати за доискористување од задолжувањето кое ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Вториот проект за подобрување на општинските услуги (МСИП 2), финансирано со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка се утврдени во Договорт за под-заем бр.11 и Анексот бр.1 на Договорот склученсоМинистерствотозафинансии.

Член 4

Реализацијата на овој проект како приоритет е наметната од потребата да се обезбеди квалитетно сообраќајно поврзување на градскиот пазар кој е во фаза на изградба преку Програмата за финансиска подршка на руралниот развој и преку Центарот за развој на источен плански регион за втората фаза со рок за завршување на градбата во 2023 година.

Член 5

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр.09-503/1** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**15.03.2022 година** **на Советот на Општина Делчево**

**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

10.Врз основа на член 40 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( Сл. весник на РСМ бр.32/2020) и член 36 став 6од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, број 5/2002), Советот на Општина Делчево на 7 седница одржана на ден 15.03. 2022 година, донесе

Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2022

I. Во Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2022 година бр. 09-2544/1 од 28.12.2021 година се врши следната дополна:

Во поглавјето ,, Урбанистички планови за град Делчево,, по точката 18 се додават три нови точки и тоа:

– **точка 19**, која гласи Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1,13 површински соларни и фотоволтаични централи во опфат на ко Очипала , Општина Делчево. Овој локалитетја опфака КП бр. 925, КО Очипала Општина Делчево и

– **точка 20** , која гласи Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1,13 површински соларни и фотоволтаични централи во опфат на ко Очипала , Општина Делчево. Овој локалитетја опфака КП бр. 921 и 922 , КО Очипала Општина Делчево.

**-точка 21,** која гласи Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1,13 површински соларни и фотоволтаични централи во опфат на ко Очипала , Општина Делчево. Овој локалитет ги опфаќа КП 962 и 964, КО Очипала, Општина Делчево.

III.Програмата за дополнувањена **Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2022** настапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево,,.

Број 09 –504 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНАДЕЛЧЕВО

15.03.2022 год. Претседател,

Делчево Гоце Попов,с.р.

11.Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 7.редовна седница, одржана на ден 15.03.2022 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

За усвојување на Завршната сметка

На ОЈУДГ „Весели Цветови“ – Делчевоза 2021 година

1. Се усвојува Завршната сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови“ – Делчево за 2021 година и тоа:

-сопствена сметка 7200102259787-10

-наменска сметка 7200102259903-14

-донаторска сметка 7200102259785-12

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 505/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

15.03.2022 год. Претседател,

Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

12.Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.весник на РМ“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 7.редовна седница, одржана на ден 15.03.2022 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

За усвојување на Завршната сметка

на ООУ „Св.Климент Охридски“Делчево за 2021

1. Се усвојува Завршната сметка на ООУ Св.Климент Охридски„ – Делчево за 2021 година и тоа:

- Сметка за наменска сметка 903
- сметката за сопствени приходи 787

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во

„Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-506 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

15.03.2022 год. Претседател,

Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

13.Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.весник на РМ“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 7.редовна седница, одржана на ден 15.03.2022 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

За усвојување на Завршната сметкана ООУ „Ванчо Прке“Делчево за 2021

1.Се усвојува Завршната сметка на ООУ “Ванчо Прке – Делчево за 2021 година и тоа:

- Сметка за наменска дотација 903
- сметката за сопствени приходи 787

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

Број 09-507 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
15.03.2022 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

14.Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.весник на РМ" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 7.редовна седница, одржана на ден 15.03.2022 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

За усвојување на Завршната сметка

на СОУ „М.М.Брицо"Делчево за 2021

1. Се усвојува Завршната сметка на СОУ "М.М.Брицо – Делчево за 2021 година и тоа:

- наменска буџетска сметка 7200-105-371-903-10
- сметката за сопствени приходи 7200-105-371-787-15

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во

„Службен гласник на Општина Делчево".

Број 09- 508 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

15.03.2022 год. Претседател,

Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.